Одговор:По добиеното барање Уставниот суд, со допис Су.бр.1185/2024 од 04.10.2024 година, од Министерството транспорт и врски побара доставување на информации затоа дали наведената одлука е извршена,како и да даде одговор на наводите на подносителот на барањето. Министерството за транспорт и врски, со допис заведен под архивски број 26-463/22 од 25.10.2024 година побара појаснување за понатамошно постапување.Со допиус заведен под архивски број 26-463/23 од 21.11.2024 година, Министерството за транспорт и врски повторно побара појаснување заради понатамошно постапување по одлуката на Уставниот суд на Р.С.Македонија У.бр.136/2022 од 20.12.2023 година. Уставниот суд, со допис Су.бр.1185/24/4 од 19.12.2024 година, го извести Министерството дека во диспозитивот на одлуката У.бр.136/2022 од 20.12.2023 година , јасно, прецизно и недвосмислено е наведено кој орган во конкретниот случај е надлешен за постапување. Исто така, во дописот е наведено дека според член 112 алинеја 3 од Уставот, одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни.